## *ЗАПИСНИК*

*од годишното собрание на* СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА ЗА АНТИЧКИ СТУДИИ НА ЈУГОСЛАВИЈА одржано во *Скопје,* на 29 септември 1989 (во склоп на V Научен собир „ГРЧКО–РИМСКА АНТИКА ВО ЈУГОСЛАВИЈА И НА БАЛКАНОТ“ – Скопје, 26–29 септември 1989)

Наместо во 17.оо, како што беше предвидено со Програмата, Собранието започна во 11.оо на 29 септември во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“–Скопје. На Собранието присуствуваа педесет и пет членови на сите републички друштва за антички студии со што беше обезбеден кворум за работа на Собранието. Претседателот на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија (понатаму во текстот СДАСЈ) го предложи следниов дневен ред:

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работно претседателство, записничари и два оверувачи на записникот
3. Избор на кандидациона и изборна комисија
4. Извештај на претседателот на Сојузот на друштвата за антички срудии на Југославија за периодот 1986–1989 година
5. Финансиски извештај за периодот 1986–1989 година
6. Дискусија по двата извештаи
7. Извештај на Одборот на самоуправната контрола
8. Печатење на материјалите од V Научен собир на Сојузот
9. Тешкотии околу издавањето на списанието „Жива антика“
10. Одредување на идното седиште на Сојузот
11. Давање на разрешница на досегашното претседателство и
12. Перспективи за идното работење на Сојузот.

Ксенија Марицки Гаѓански предложи терминот „изборна“ во точката 3 да биде заменето со „верификациона“. Предлогот беше едногласно прифатен. Владимир Вратовиќ предложи точка 11 да и претходи на точка 10. И оваа измена на дневниот ред беше едногласно прифатена. Милена Јовановиќ побара да биде прочитан и даден на усвојување записникот од годишното собрание на Сојузот одржано во Пула на IV научен собир. Претседателот на Сојузот Петар Хр. Илиевски извести дека тој записник бил доставен до републичките друштва и бидејќи немало никакви забелешки, се смета за усвоен. По овие измени предложениот дневен ред беше едногласно прифатен.

Т. 1) – Претседателот на Сојузот Петар Хр. Илиевски го отвори Собранието и ги поздрави присутните членови.

Т. 2 – По консултациите што ги извршил претходно со други учесници Илиевски за членови на работното претседателство ги предложи: Мирон Флашар, Кајетан Гантар, Маријан Бручиќ, Љубинка Басотова и Радослав Додиг. Предлогот беше едногласно прифатен. За претседател на работното

претседателство беше избрана Љубинка Басотова, за записничари Весна Димовска и Весна Томовска, а за оверувачи на записникот Елена Колева и Милена Душаниќ.

Т. 3) – За членови на кандидационата комисија беа предложени: Соња Вулетиќ, Славко Антун Калениќ и Вида Пуст Шкргуља, а за членови на верификационата комисија: Петар Васиљевиќ, Примож Симонити и Миодраг Тодоровиќ. И двата предлога беа едногласно усвоени.

Т. 4) – Претседателот на работното преседателство Љубинка Басотова го повика претседателот на СДАСЈ да поднесе извештај за работата на Сојузот во периодот 1986–1989 година. Претседателот Петар Хр. Илиевски поднесе обимен и исцрпен извештај за работата на Сојузот (Извештај во прилог). Потоа ги покани претседателите на републичките друштва да поднесат поединечни извештаи за работа на своите друштва во изминатиот трогодишен период. Извештаи поднесоа:

Маријан Бручиќ за Друштвото на СРХ,
Рајко Братож за Друштвото на СР Словенија,
Маргарита Бузалковска за Друштвото на СРМ и
Даринка Невениќ Грабовац за Друштвото на СР Србија.
По овие извештаи претседателот на Сојузот го прочита заклучокот од извештајот за работата на СДАСЈ во изминатиот тригодишен период.

Т. 5) – Претседателот на работното претседателство Љубинка Басотова го повика благајникот на СДАСЈ да поднесе финансиски извештај за периодот 1986–1989 година. Евантија Аристотелова како благајник на Сојузот го прочита финансискиот извештај забележувајќи дека тој на извесен начин е нецелосен бидејќи дури по завршувањето на овој научен собир ќе може да се утврди дефинитивната финансиска состојба на Сојузот.

Т. 6) – Претседателот на работното претседателство отвори дискусија по поднесените извештаи. Владимир Вратовиќ го дополни извештајот на Маријан Бручиќ известувајќи го Собирот дека трудовите на учесниците на IV научен собир од Хрватска се отпечатени во Зборник како посебно издание на *Latina et graeca*. Милена Јовановиќ го покрена прашањето за изготвување на Статут на СДАСЈ и за негово усогласување со статутите на републичките друштва. Потоа бараше информации за контактите на нашиот Сојуз со FIEC и EIRENE. Петар Хр. Илиевски извести дека на седницата одржана во Загреб на 11 октомври 1987 воопшто не би било поставено прашање за промена на Статутот, а и да бил променет, не би имал долг век поради претстојните промени на Сојузниот и републичките статути. Освен тоа забележи дека некои од претходните претседателства нередовно ја плаќале членарината на FIEC. Кајетан Гантар го извести Сојузот дека во периодот 1980–1983 година додека седиштето на Сојузот беше во СР Словенија членарината на FIEC била уредено платена и сета документација предадена. Потоа предложи за делегат на нашиот Сојуз во EIRENE да биде избиран академик со што би се избегнале сегашните тешкотии околу финансирањето на патувањата на тој делегат. Во врска со ова уште предложи котизацијата на републичките друштва да изнесува 50% од динарскиот еквивалент на членарината што Сојузот треба да ја плаќа на FIEC. Ксенија Марицки Гаѓански праша дали Сојузот се финансирал со сојузни средства или за своите потреби користел и средства од републиката (СРМ). Претседателот на Сојузот објасни дека според пропозициите на СЗНЈ во вкупните финансии републиката учествувала со 30%, а 70% се обезбедени со останатите републики и покраините. Сојузот примил вкупно 3.830.000 дин. од СЗНЈ за организирање на собиров. Таа сума е недоволна да ги покрие ни трошоците за умножување на ре-

зимеата, остатокот го плаќа Македонија. Средствата добиени од СЗНЈ за „Жива антика“ одвај покриваат една третина од печатарсите трошоци. СИЗ–от за наука на СРМ, покрај редовниот процент од 30% во општата сума од 7.600.000 дин., годинава за „Жива антика“ додели уште 20.200.000 дин. Ксенија Марицки Гаѓански повторно го постави прашањето за Статутот на СДАСЈ. Исто така се интересираше за статусот на „Жива антика“, за нејзиното финансирање и односот кон *L' anné philologicque*. Потоа остави забелешка на лошата циркулација на информации меѓу Сојузот и републичките друштва. Конкретно, изрази негодување што републичките друштва не биле известени за одржувањето на некои меѓународни конгреси. Ги спомна оние во Пиза и Будимпешта, за кои била сосем случајно, приватно известена по нивното одржување. Во таа смисла изрази незадоволство и жалење поради недоволна комуникација на СДАСЈ со меѓународните организации FIEC и EIRENE. Повторно го постави прашањето на „Жива антика“ како гласило на Сојузот и недоволно искористената можност преку неа да се остваруваат меѓународни контакти во полза на целиот СДАСЈ. Уште, го искажа своето согледување дека „Жива антика“ е попозната и поприсутна во светот одошто во Југославија. Претседателот на Сојузот објасни дека прекинот на комуникациите и протокот на информации е настанат за време кога мандатот на претседателството на Сојузот бил во република Србија. Во крајот на јуни о.г. тој добил писмо од генералниот секретар на FIEC проф. Франсоа Пашу којшто се жали дека на неговите писма упатувани до секретарката на нашиот Сојуз во периодот од 1977–1980, никој не одговарал, а таа не ги ни препраќала писмата на следните секретари. Проф. Пашу случајно разбрал од колешката Мирослава Мирковиќ од Белград дека од 1986–1989 претседател на Сојузот бил Илиевски и му испратил покана за генералното собрание на FIEC во Пиза на 23 август 1989 год., но преку летото, кога Комитетите на СИЗ–овите не заседаваат, не можел да обезбеди патни и дневни трошоци и му се извинил на генералниот секретар што не ќе може да присуствува на така важно собрание. Во врска со меѓународната соработка Илиевски истакна дека наскоро ќе излезе во Скопје Посебно издание бр. 7 на „Жива антика“ под наслов *Studia Mycenaea* 1988, кое содржи проширен текст од 10 реферати од Микенолошката секција на XVIII меѓународен конгрес на EIRENE во Будимпешта. Книгата ја издаваат Т. Палаима и К. Шелмердајн од Аустин, Тексас и П. Хр. Илиевски – Скопје.
По дискусијата извештаите беа прифатени со молба да се достават додатни писмени известувања од досегашното претседателство на Сојузот околу спорните прашња што беа набележени во дискусијата.

Т. 8) – Претседателот Петар Хр. Илиевски образложи дека заради ограничените финансиски средства печатењето на трудовите од овој научен собир ќе бара извесно ограничување на бројот и обемот на рефератите при нивното издавање. Во таа смисла предложи обемот на еден реферат да не надминува 10 страници. Понатаму, заради обезбедување на средства предложи рефератите и резимеата преведени на странски јазик да се предадат на редакцискиот одбор до 10 декември 1989 год. Бранимир Главичиќ предложи рефератите за објавување во овој зборник да бидат ограничени на 5 страници во вид на проширени резимеа со право авторот да го објави интегралниот текст на друго место. Кајетан Гантар предочи дека републичките друштва би трбало до 15 октомври да стартуваат со барање за средства до републичките СИЗ–ови за учество во трошоците околу печатењето на зборникот. Според тоа рокот за предавање на трудовите да биде 15 октомври 1989. Предложи рефератите да се предаваат до републичките друштва и овие да се договорат за тоа кои и колку реферати ќе се објават. Мирон Флашар го подржа предлогот на Бранимир Главичиќ и заклучи: авторите своите реферати ограничени на 5 страници да ги доставаат до редакцискиот одбор на зборникот во Скопје до 15 октовмри 1989, а од друга страна со трудовите од овој научен собир преку републичките друштва да конкурираат за средства кај

своите СИЗ–ови. Ова беше едногласно прифатено како заклучок по оваа точка.

Т. 9) – Главниот и одговорен уредник на списанието „Жива антика" исцрпно ги информираше присутните за финансиските, редакциските и останати тешкотии околу издавањето на списанието „Жива антика" и Посебни изданија бр. 7, веќе споменатите *Studia Mycenaea* (1988) и бр. 8 *Versus Latini* од Силво Коприва.

Т. 10) – Собранието едногласно му даде разрешница на досегашното претседателство изразувајќи благодарност и пофалба за вредно извршената задача.

Т. 11) – Претседателот на работното претседателство Љубинка Басотова отвори дискусија за одредување на идното седиште на СДАСЈ. Согласно со заклучоците донесени на годишното собрание одржано во Пула во склоп на IV научен собир на СДАСЈ седиштето на Сојузот би требало да го преземе Друштвото на Б и Х. Дискусијата се водеше околу специфичните услови во кои се наоѓа ова друштво. Павле Кнезовиќ образложи дека Друштвото е формирано и регистрирано, но заради малиот број членови и финансиски тешкотии не може активно да работи. На барање на претседателот на работното претседателство претставникот на ова Друштво изјави дека истото не е во состојба да го преземе организирањето на идниот научен собир заради споменатите, пред сè кадровски проблеми. Во понатамошната дискусија Петар Хр. Илиевски, Владимир Вратовиќ и Даринка Невениќ Грабовац изразија готовност лично да се ангажираат и пружат помош околу консолидирањето на ова Друштво. Петар Хр. Илиевски го прочита писмото на Друштвото на СР Србија упатено да присутните на годишното собрание и даде одговор на нивните забелешки. Со оглед на изнесените неповолни состојби во Друштвото на Б и Х и неможноста ова Друштво да го преземе седиштето на СДАСЈ во наредниот тригодишен период, беше предложено тоа да го стори Друштвото на СР Србија. Предлогот беше едногласно прифатен. Потоа се пристапи кон избор на ново претседателсто на СДАСЈ. Милена Јовановиќ го изнесе предлогот на Друштвото на СР Србија за членови на претседателството од оваа република. Беа предложени:
Даринка Невениќ Грабовац,
Војислав П. Јелиќ,
Марија Рицл и
Александар Поповиќ
Делегатите од републичките друштва едногласно го усвоија предлогот.
Потоа беа предложени членови на Извршниот одбор и нивни заменици од другите друштва.
Од Друштвото на СР Словенија: Примож Симонити, член и
Матјаж Бабич, заменик
Од Друштвото на СРХ: Дарко Новаковиќ, член и
Весна Лопина, заменик
Од Друштвото на СРМ: Љубинка Басотова, член и
Весна Томовска, заменик
Од Друштвото на Б и Х: Грга Рајиќ, член и
Павле Кнезовиќ, заменик
Предлозите беа едногласно прифатени. Потоа беа избрани членови на Контролната комисија:
Соња Вулетиќ,
Миодраг Стојановиќ и
Бранимир Главичиќ
и членови на Дисциплинската комисија:
Маријан Бручиќ,
Момир Јовиќ и
Кајетан Гантар.

Т. 12) – Членовите на СДАСЈ предложија неколку сугестии за подобри контакти и поплодна меѓурепубличка соработка на друштвата. На крајот беше усвоен меморандум за поголема застапеност на класичната настава во сите републики чиј текст го состави и прочита Маријан Бручиќ, којшто вети дека ќе го достави до Сојузот во завршена верзија.

Со тоа беше исцрпен дневниот ред и годишното собрание на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија ја заврши работата во 15. 45.

Скопје, 29 септември 1989

Оверувачи на записникот:
Елена Колева
Милена Душаниќ

Записничари:
Весна Димовска